Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-724/1
30-01-2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Гипс и гипсени префабрикати
КНАУФ РАДИКА АД
Бр. 03-21/1
30.01 2024 год.
ДЕБАР

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23 и 253/23), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – гипс на Гипс и гипсени префабрикати КНАУФ – РАДИКА АД – Дебар на локалитетот „Мелнички Мост", општина Дебар и општина Центар Жупа бр.41-9533/7 од 26 декември 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.286/23) и членот 24 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гипс на локалитетот „Мелнички Мост", општина Дебар и општина Центар Жупа бр.24-7386/1 од 05.12.2013 година,

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Гипс и гипсени префабрикати КНАУФ – РАДИКА АД – Дебар**
**со адреса: 8-ми Септември бб Дебар**
**застапувано од лицето Тодор Деловски**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден __________ 2024 година во Скопје, склучија:**

# АНЕКС
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ГИПС НА ЛОКАЛИТЕТОТ „МЕЛНИЧКИ МОСТ", ОПШТИНА ДЕБАР И ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА

**Член 1**

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гипс на локалитетот „Мелнички Мост", општина Дебар и општина Центар Жупа бр.24-7386/1 од 05.12.2013 година, членот 3 се менува и гласи:

**„Член 3**
**Рок на важење на концесијата**
Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 20 (дваесет) години."

**Член 2**

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гипс на локалитетот „Мелнички Мост", општина Дебар и општина Центар Жупа бр.24-7386/1 од 05.12.2013 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гипс на локалитетот „Мелнички Мост", општина Дебар и општина Центар Жупа бр.24-7386/1 од 05.12.2013 година остануваат во сила, непроменети.

| | |
|---|---|
| **За Концедентот**<br>**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**<br>**МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,**<br>**Kreshnik Bekteshi** | **За Концесионер**<br>**Гипс и гипсени префабрикати**<br>**КНАУФ – РАДИКА АД – Дебар**<br>**Тодор Деловски** |

Изработил/Përpiloi: Снежана Трајановска-Богоева
Контролирал/Kontrolloi: Кика Шпритова
m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ

Примил:
30.01.24

## Топографска карта на концесиски простор

1:25000

**Локалитет:** Мелнички мост и Центар Жупа - Дебар

**Минерална суровина:** Гипс

**Површина = 0.714300 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7464100 | 4598800 |
| 2 | 7464900 | 4598607 |
| 3 | 7464550 | 4598240 |
| 4 | 7464220 | 4597665 |
| 5 | 7463600 | 4598330 |